Врз основа на член 55 став 1 и член 49 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 20 став 1 точка 37 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), со цел јакнење на транспарентноста во работењето на Министерството за одбрана, министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
за транспарентност во работењето на Министерството за одбрана

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на информирање на јавноста со цел зајакнување на транспарентноста во работењето на Министерството за одбрана (во натамошниот текст Министерството).

### Член 2

Министерството е отворено и транспарентно кон јавноста за сите информации од негова надлежност, кои врз основа на закон не претставуваат класифицирана информација со соодветен степен на тајност и не се опфатени во Законот за заштита на личните податоци.

### Член 3

Остварувањето на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста во работењето, преземање на процеси за реформирање на работењето, како дел од реформите на јавната администрација преку изработката на Стратегиски одбранбен преглед и Функционална анализа на внатрешната организациска поставеност и ефективност, за Министерството се суштествени алатки во градењето на современи одбранбени институции, владеењето на правото и ефикасна цивилна и демократска контрола врз вооружените сили.

Зајакнатата транспарентност е во насока на континуирано унапредување на институционалниот интегритет согласно напорите за добро владеење и политиката за градење интегритет на НАТО .

Член 4

Министерството ќе го применува принципот на активна транспарентност, односно ќе ги објавува информациите на сопствена иницијатива, без притоа некој да има доставено барање за пристап до тие информации.

Овој принцип ќе ги опфати сите стратешки и оперативни документи, како и извештаи кои се однесуваат на стратешките цели во одбраната кои не претставуваат класифицирана информација со соодветен степен на тајност врз основа на закон.

За барањата кои се однесуваат на слободниот пристап до информациите од јавен карактер, Министерството ќе се води по принципот „максимална отвореност, за минимален период".

Со цел отворена и ефективна комуникација со јавноста, Министерството ќе спроведува координација на комуникациските активности со сите организациони единици од својот состав, со Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата) и со Воената академија „Генерал Михаило Апостолски-Скопје".

Сите активности кои се спроведуваат во однос на комуникациските активности на Министерството се со цел обезбедување и гарантирање на правото за пристап до информации од интерес за јавноста, како начин на зголемување на отвореноста и транспарентноста на Министерството пред граѓаните на Република Македонија и пред вработените во Министерството и Армијата.

## 2.ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 5

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер во Министерството е должно во рок од 1 (еден) работен ден по приемот на барањето за пристап до информации од јавен карактер да го испрати до организационите единици задолжени за конкретното прашање, како и до Кабинетот на министерот.

Организационите единици се должни да достават нацрт-одговор до Секторот за правни работи во рок од 3 (три) работни дена од приемот на барањето, освен ако не се работи за комплексна материја или анализа која бара подолго време за обработка.

Врз основа на материјалите добиени од организационите единици, Секторот за правни работи е должен да подготви предлог-одговор во рок од 5 (пет) работни дена по нивното добивање и да го достави до Кабинетот на министерот.

Оваа процедура овозможува одговорот до барателите на информации да биде доставен во рок пократок од рокот кој е предвиден во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Член 6

Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка во Министерството, во координација со посебниот советник за односи со јавноста, содржински и тековно ја одржува веб-страницата на Министерството, на начин што:

- ги поставува новите вести за активностите во Министерството;
- ги поставува мултимедијалните материјали како поддршка на информирањето на јавноста;
- ги ажурира генералните информации на страницата и
- обезбедува постојано ажурирање на јавно достапните податоци и документи.

Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка е должен континуирано да ги ажурира и прави достапни на јавноста документите од Листата на информации од јавен карактер и тоа:

1) стратешки планови на Министерството;
2) буџет;
3) извештаи за реализација на буџетот;
4) ревизорски извештаи;
5) планови за јавни набавки со сите измени и дополнувања;
6) органограм на внатрешна организација;
7) консолидирани текстови од закони и општи подзаконски акти;
8) обрасци од интерес на граѓаните;
9) образец за барање пристап до информации, образец за жалба, Упатство за пристап до информации и задолжено контакт лице (со е-маил адреса и телефон);
10) правилник за заштитено внатрешно пријавување и задолжено контакт лице (со е-маил адреса и телефон);
11) име и презиме на офицерот за заштита на лични податоци (со е-маил адреса и телефон);
12) контакт од Министерството за генерални прашања;
13) листа на активни регистри;
14) биографии од министерот, заменикот на министерот и државниот секретар;
15) најава на месечни активности;
16) дополнителни информации во согласност со потребите.

На почетокот на секоја година, но не подоцна од 1 февруари, државниот секретар доставува список на стратешки и оперативни документи, како и извештаи кои се однесуваат на стратешките цели во одбраната кои Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка во Министерството ги објавува на веб- страницата на Министерството.

Секторот за правни работи во Министерството ги доставува сите општи подзаконски акти од надлежност на Министерството, најдоцна во рок од 15

(петнаесет) работни дена од денот на донесувањето до Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка за да бидат објавени на веб страницата на Министерството во делот „ Легислатива“.

Секторот за човечки ресурси и Секторот за логистика во Министерството, соодветно ги доставуваат огласите за работа во Министерството, како и линковите со објава на огласите за јавни набавки, одлуки за избор, договори и евентуални анекси на договори за јавни набавки до Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка заради нивно објавување на веб страницата на Министерството.

Секторот за финансии ги доставува годишните и полугодишните извештаи за реализација на буџетот до Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка, доколку истите не се во спротивност на член 4 став 2 од овој Правилник.

Дополнително, Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка ги објавува:

- месечните приходи по основ на плата на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар;
- анкетните листови на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар;
- месечните приходи по основ на плата на началникот на Генералштабот на Армијата, заменикот началникот на Генералштабот на Армијата и директорот на Генералштабот на Армијата.
- месечните приходи по основ на плата на деканот, продеканите и секретарот на Воената академија.

Член 7

Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка, содржински го одржува и внатрешниот портал на Министерството со:

- информации од посебен интерес на вработените во Министерството и Армијата;
- огласи / курсеви достапни за вработените во Министерството и Армијата и
- одлуки за избор.

Член 8

Началникот на Генералштабот на Армијата до министерот за одбрана ќе предложи одредби за транспарентност во работењето во Армијата.

Член 9

Одговорности на останатите организациони единици во Министерството, со цел обезбедување транспарентност во работењето на Министерството се:

- Кабинетите на министерот, на заменикот на министерот и на државниот секретар го информираат Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка и посебниот советник за односи со јавноста, за неделните активности на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар, најдоцна со последниот работен ден од претходната недела за наредната недела;
- Сите организациони единици за секоја активност за која ќе проценат дека е од интерес за јавноста навремено го информираат Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка и посебниот советник за односи со јавноста, со цел планирање на медиумското покривање;
- Сите организациони единици се должни на барање на Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка и посебниот советник за односи со јавноста, да ги достават сите информации поврзани со барањето, во најкус можен рок, со цел брз и ефикасен одговор до јавноста;
- Сите организациони единици чии активности се поврзани со Листата на информации од јавен карактер од член 6 од овој правилник, се должни по нивната промена веднаш да ги доставуваат до Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка, со цел ажурирање на веб-страницата на Министерството; и
- Организационите единици кои се иматели на информации поврзани со содржините на интерниот веб-портал на Министерството, потребно е истите навремено да ги доставуваат до Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка писмено со акт и електронски заради нивно објавување.

Член 10

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, од кога почнуваат да течат роковите за активностите од членот 6 од овој правилник.

Бр. 01 - 342/1
12-01-2018 2018 година

***МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА***
***Радмила Шекеринска-Јанковска***

Изработил: Иван Петрушевски/Лидија Јанчовска Христова
Контролирал: Емилија Ралева
Согласен: Габријела Ѓорѓевиќ